LACTALIS
MK MLEKARNICA

Советува!

# Успешно телење и грижа за новородени телиња (прв дел)

## 1. Клучни поенти за успешно телење

Интервенирајте само ако откриете проблем или ако телењето станува долго или тешко. Моментот во кој треба да се интервенира е:

* 1 до 2 часа по исфрлањето на 2-та кеса со плодова вода
* 3 до 4 часа по исфрлањето на 1-та кеса
* 4 до 6 часа по почетокот на телењето, кога нема траги од пукање на водењакот. Затоа, мора да провериме дека нема торзија на матката или абнормално позиционирање на фетусот.

**Трите главни принципи за спречување на тешкотии при телење:** хигиена, нежност и правилна процедура.

## Хигиена при телење

* **На лицето кое помага во телењето:** Внимателно миење и дезинфекција на дланките и рацете со сапун + раствор за дезинфекција разреден во кофа со вода или антисептички сапун. Ист принцип ако се користат ракавици. Средствата за десинфекција врз основа на јод се ефикасни: раствор на Бетадин, сапун/хлорхексидин (Hibitan, Hibivet). Исто така, користете наметки за телење за единечна употреба.

* **На кравата:** внимателно миење и дезинфекција на гениталиите (околината на вагината). Користете ги истите средства за дезинфекција како за рацете. Повторете ако има ректално празнење во моментот на исфрлање на телето и ако е неопходно повторно да се стави раката во родницата.

* **На опремата:** Јажињата за телење мора претходно да се потопат во вода со раствор за дезинфекција. Чувајте ги на чисто место.

* **На местото за телење:** Обезбедете добро прекривање на местото за телење.

Се препорачува дезинфекција на подот, особено во случај на неонатална дијареја. Дезинфекцијата е ефикасна само по добро чистење на површините од каков било органски остаток.



**ИДЕА!**

Групирајте ја целата мала опрема за телење во кутија за алати.

**Лацталис МК Млекарница ДООЕЛ,**
Индустриска бб, 7000 Битола, Северна Македонија




## Нежност за време на телењето

* Во пристапот кон животното: стресот може да биде пречка за добро одвивање на телењето, особено кај јуниците (грубост, колика, раздразливост, вознемиреност). Поставете ја кравата на местото за телење неколу дена пред очекуваниот датум за телење. Местото треба да е во близина на просторот за живеење на животното (поглед на зградата и другите крави).

Оставете ја кравата сама да се смири, така што таа ќе се подготви за работа. Следете ја внимателно и редовно.

* За време на интервенцијата: Нема потреба да се интервенира премногу рано и премногу често. Охрабрете го животното кога се приближувате. Обезбедете лесен систем за врзување (видете мапа).

* Помошта при телењето треба да е хигиенска и секогаш што е можно помалку трауматска, бидејќи бактериите ќе навлезат со која било лезија, дури и во површинските на вагиналниот ѕид, дури и во оние на матката.

* Заштитете ги со рака сите испакнати делови на телето во каналот (колена, зглобови, копита ...), што можат да ја оштетат поставата на матката или родницата, кога телето ќе излегува.

* Синхронизирајте го тргањето со контракциите на кравата за време на телењето.

* Не двоумете се да го движите телето напред и назад, (повлечете, турнете назад) ако срамницата е недоволно проширена.

* Кога главата на телето е на работ на срамницата, масирајте ја срамницата со сапун, гел за подмачкување или масло за да се олесни ширењето.

## Метод на телење

### * Целта е да се испланира сè пред интервенцијата за да може да се реагира брзо.

- Обезбедете средства за смирување и простор за лежење на животното во случај на деликатно телење. Подгответе ја целата неопходна опрема за интервенција: кофи + вода + крпи + сапун + лубрикант + средство за дезинфекција + јаже за телење.

- Обебедете и друг персонал за помош при интервенцијата. Едно лице е вообичаено доволно.

- Обезбедете простор: просторијата мора да биде пространа за да можете, на пример, да го преместите јажето за влечење на телето.

- Обезбедете средства за реанимација на телето: прицврстување на таванот + макара за обесување, или суспензија на скала/греда + лекови што предизвикуваат дишење и го поддржуваат срцето во близина + јод за дезинфицирање на папокот.

**СОВЕТ:**
Обезбедете јажиња за телење во различни бои за да ги поедноставите насоките за луѓето.
**Пример:** сина за десната шепа, црвена за левата шепа и бела за главата ако е потребно.

# Факти за Лакталис

- Основана во 1933 година од Андре Бение во Лавал, низ три генерации, Групацијата Лакталис остана верна на својата првична заложба за преработка на млеко.
- Денес е глобален лидер во млечната индустрија.
- Број еден производител на сирење во светот.
- Европски лидер во рамките на потрошувачката на млеко и на пазарите на путер и млечни намази.
- Располага со 250 производствени погони во 50 земји ширум светот.
- Вработува 80.000 луѓе во 94 земји ширум светот.
- Остварува годишен промет од 18,5 милијарди евра.
- Лакталис МК Млекарница станува дел од големото светско семејство Лакталис во 2007 година.
- Еден од главните двигатели на развојот на групацијата Лакталис се млекопроизводителите чија иднина е сигурна преку растот на Лакталис.
- Главните одговорности на одделот за сурово млеко во склоп на Лакталис е оптимизирање на рутите за собирање на млеко и обезбедување на врвен квалитет на сурово млеко кое е здраво и хранливо.
- Одделот за сурово млеко на Лакталис посветено работи кон едукација на млекопроизводителите за употреба на современи и проверени практики со цел добивање на повисок квалитет и количина на млеко.

**Оддел за сурово млеко:**
047 208 900 | 078 239 123

www.lactalismk.mk